МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

| Примено: | 20.08.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 73211 | | |

Од
**АЛТА БАНКА АД БЕОГРАД**
Булевар Зорана Ѓинѓика 121
11070 Белград
Република Србија
преку полномошник адвокат
Александар Кралевски од Скопје

До
**Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје**
Орце Николов 75, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за намера за преземање**

Согласно член 22 став 1 од Закон за преземање на акционерските друштва ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020), Ве известуваме дека АЛТА БАНКА АД БЕОГРАД, има намера да даде понуда за преземање до 100% од обичните акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола.

Понудата за преземање до 100% од обичните акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола ќе биде дадена по цена од 3.777 денари по акција.

АЛТА БАНКА АД БЕОГРАД заедно со поврзаните лица поседува 19.439 обични акции или 4,97% од вкупниот број на обични акции издадени од Стопанска Банка АД Битола.

Согласно член 26-а став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, напоменуваме дека покрај согласностите кои се потребни од домашните овластени органи, тела и институции, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на претходната согласност од Народната банка на Република Северна Македонија, давањето на понудата за преземање е условено со претходно одобрување на стекнување од страна на Народна банка на Србија („**Странско одобрение**”) (имајте на ум дека одобрување од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија веќе е добиено).

Согласно член 26-а став 4 од Законот за преземање на акционерските друштва, АЛТА БАНКА АД БЕОГРАД ќе поднесе барање за добивање на дозвола за понудата за преземање и проспектот до Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за преземање на акционерските друштва откако ќе биде добиено Странското одобрение, а секако по добивање на согласностите кои се потребни од домашните овластени органи, тела и институции

вклучувајќи, но не ограничувајќи се на претходната согласност од Народната банка на Република Северна Македонија.

Согласно член 26-а став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, доколку Странското одобрение не биде добиено, намерата ќе се смета за повлечена и нема да биде дадена понуда за преземање.

Во однос на ова, (i) во случај институцијата надлежна за давање на Странското одобрение да отфрли или одбие да го издаде соодветното Странско одобрение, АЛТА БАНКА АД БЕОГРАД ќе извести согласно член 26-а став 5 од Законот за преземање на акционерските друштва, или (ii) во случај институцијата надлежна за давање на Странското одобрение истото не го издаде во рок од 12 месеци од објавувањето на оваа намера за преземање, АЛТА БАНКА АД БЕОГРАД ќе извести согласно член.26-а став 6 од Законот за преземање.

Во Скопје, на 20.08.2025 година

За
АЛТА БАНКА АД БЕОГРАД
преку полномошник адвокат
Александар Кралевски од
Скопје

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.7Б 1/2
Лиценца 4286 Скопје
Тел:+389 75 877 855